# Заедно ќе го пребродиме ова!



## Позитивен завршеток

| КЛУЧЕН КОНЦЕПТ/ НЕДОСТАТОК | Емпатија |
|---|---|
| ЦЕЛИ | • да се прифати емпатија и емоционална свест кај учениицте<br>• да се охрабри инклузивно размислување и адаптирање за различни физички попречености<br>• да се изгради сензитивност кон соучениците кои се соочуваат со привремени предизвици<br>• да се научи вредноста на малите дела за поддршка на другите |
| ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА ЗА ПОЗИТИВЕН ЗАВРШЕТОК | 1. Како се чувствуваше Ник кога виде дека неговите соученици играат со една рака како него?<br>2. Што мислиш што тој момент го направи да биде посебен за Ник?<br>3. Како можеме да им помогнеме на другите да се чувствуваат вклучени кога не можат целосно да учествуваат?<br>4. На кои креативни начини можеме да ги приспособиме активностите за сите да можат да учествуваат? |
| ПРЕДЛОЗИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ | • Предизвик во училница: играјте игра во која ќе користите само една рака и истражете ја инклузивноста<br>• Погледнете: „Само прашај!“/ “Just Ask!” од Соња Сотомајор – дискутирајте за видливите и невидливите различности<br>• После видеото користејќи го Mentimeter соберете ги анонимните заклучоци на учениците за тоа како тие ги доживеале видливите и невидливите различности<br>• Ликовен проект: нацртајте или напишете за случка во која некој ви помогнал да се чувствувате вклучени<br>• Споделување во парови: „планови за инклузија“. Учениците ќе даваат идеи како да вклучат врсници кои се соочуваат со предизвик или некакво ограничување |

# Заедно ќе го пребродиме ова!



**Негативен завршеток**

| **КЛУЧЕН КОНЦЕПТ/ НЕДОСТАТОК** | **Емпатија** |
|---|---|
| **ЦЕЛИ** | • да се подигне свеста за ненамерната ексклузија и како таа влијае врз емоциите на другите<br>• да се размисли што е „делумна инклузија” и дали таа е доволна<br>• да се развие сочувство и одговорност помеѓу врсничките групи<br>• да се охрабрат учениците да размислуваат критички затоа како нашите дела - дури и ненамерни - може да бидат без емпатија |
| **ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА ЗА НЕГАТИВЕН ЗАВРШЕТОК** | 1. Како се чувствуваше Ник кога побараа од него да биде судија?<br>2. Дали тоа беше добар гест? Дали можеа да бидат повнимателни?<br>3. Како ти би се чувствувал/а на местото на Ник?<br>4. Што можеа неговите соученици да направат поинаку за да покажат повеќе емпатија? |
| **ПРЕДЛОЗИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ** | • Водење на журнал: „Дали некогаш си се осетил/а изоставен/а? Што ти помогна да се чувствуваш подобро?”<br>• Мала групна дискусија: истражете различни видови на инклузија и нивното влијание<br>• Погледнете го краткото видео на Пиксар: „За птиците“/“For the Birds” — дискутирајте како се однесуваа кон надворешниот член<br>• По видеото направете квиз во Kahoot! за инклузија и однесување кон врсниците<br>• Постер за во училница: „Начини на кои покажуваме дека се грижиме” |